# План за час

| Почеток на седмица: .11.2014 | **Наставна тема:** Геометрија и решавање проблеми<br>**Наставна единица:** Термини за искажување положба | **Одделение: III-3**<br>**одд. наставник:** |
|---|---|---|

| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Распоред (делови од часот) – Опис | Орг. форми | Ресурси | Доказ за постигнување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 мин | учениците користат соодветни термини за да искажат положба | учениците одредуваат положба користејќи броеви, букви или букви и броеви во координатен систем | Пред учениците покажуваме шема со квадрати чии колони и редови се обележани со букви и броеви. Во шемата е обоен еден квадрат. Бараме учениците да објаснат каде се наоѓа квадратот во шемата.<br>- ги упатуваме учениците дека можат да ги користат буквите и броевите за да ја определат положбата на обоениот квадрат. | З<br>И | координатна шема, табла, креда | прашања/одговори фотографија |
| 20 | | | Игра подморници:<br>Наставникот на табла исцртува шема со квадрати 8x8 и ги именува колоните со броеви, а редовите со букви. Објаснува дека на лист има иста таква шема во која се обоени форми составени од 1, 2, 3 и 4 квадрати (пример на р.л.)<br>Ги поставува правилата на игра: “подморниците“ (групите квадрати) не смеат да се допираат или можат да имаат заедничка точка; сите “подморници“ се составени од различен број квадратчиња и не смее да се повторува “подморница“ со ист број квадратчиња; ако учениците погодат квадрат од шемата во кој има “подморница“ истиот на табла се бои, а ако нема се става x; ако некој ученик погоди подморница има право да погодува уште еднаш односно додека не згреши<br>играта се повторува уште еднаш - два пати додека учениците не научат да ги именуваат квадратите од шемата пример: (C, 4), (F, 3) и тн.<br>Објаснуваме како учениците можат да ја играат играта во парови. | З<br>И | координатна шема, табла, креда | прашања/одговори фотографија |
| 15 | | | Од учениците бараме да ги вклучат компјутерите и да одат на страницата со линкови од web страната http://odnasataucilnica.com/88999.html каде ќе ја изберат играта Координатен систем. Се бира првиот координатен систем од менито и се игра играта | П<br>И | компјутер | прашања/одговори фотографија |

| **Организација**: Детали за поделба по улоги /групи/возрасни (поврзано со активностите) | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| - паровите кои работаат со компјутери се формираат од ученици со различни способности | Домашна работа: Да ја играат играта подморници со некој од членовите на семејството или со другарче | квадрат, шема, броеви, букви, редови, колони, |

Термини за искажување положба




